Информативен лист   **Macedonian | Македонски**

# Награди за Викториски сениор на годината 2024

## Предложете постаро лице за наградата Викториски сениор на годината (Victorian Senior of the Year)

Предложете постар жител/жителка на Викторија кој/која ги споделува своите способности, искуство, време и енергија за да им помогне на другите во заедницата.

**Предлозите се примаат до недела, 11 август 2024.**

За да ги исполнува условите за наградата, лицето мора да биде:

- австралиски државјанин
- кое живее во Викторија
- на возраст од најмалку 60 години
- жител на Викторија кој е Абориџин или Островјанин од Теснецот Торес на возраст од најмалку 50 години.

Лицето не ги исполнува условите ако:

- претходно ја добило наградата Викториски сениор на годината
- се предложи себеси.

Предлозите мора да бидат на англиски. Ако ви треба помош за пополнување на онлајн формуларот, побарајте да ви помогне некој роднина, пријател или организација во заедницата.

### Служба за усно и писмено преведување (TIS)

Interpreter

Може да се јавите на Службата за усно и писмено преведување и да побарате преведувач во секое време, секој ден во годината. На прашање од телефонскиот оператор ќе треба да кажете за кој јазик ви е потребен преведувач.

Телефон: 131 450 (во Австралија)
Телефон: +613 9268 8332 (надвор од Австралија)

Ако ви треба помош или хартиен формулар за предлагање на лице, јавете се на Тимот на фестивалот за сениори (Seniors Festival Team) на (03) 8850 6164 или пратете имејл на <seniorsfestival@dffh.vic.gov.au>.

За да го добиете овој документ во друг формат, телефонирајте на (03) 8850 6164, користејќи National Relay Service на 13 36 77 ако е потребно, или пратете имејл на Seniors Festival Team на <seniorsfestival@dffh.vic.gov.au>.

Одобрила и објавила Владата на Викторија, 1 Treasury Place, Мелбурн.

© Држава Викторија, Австралија, Министерство за семејства, праведност и домување, јуни 2024 година.

Во овој документ, поимот „Абориџин“ се однесува и на Абориџините и на луѓето од Островите во Теснецот Торес. Зборовите ‘Indigenous’ или ‘Koori/Koorie’ се задржани кога се дел од наслов на извештај, програма или цитат.

COTA VICTORIA

Victorian Seniors Festival

VICTORIA State Government

# Категории и критериуми за награди

Може да предложите лице во следните категории на награди:

| Категорија на наградата | Критериуми за наградата |
|---|---|
| **Premier's Award for Victorian Senior of the Year (Награда на Премиерот за Викториски сениор на годината)** за извонреден придонес на поединец за неговата/нејзината локална заедница и за Викторија. | Лицето кое го предлагате:<br>• Дало извонреден придонес за неговата/нејзината локална заедница и за Викторија<br>• Преку доброволна работа ја унапредува благосостојбата на заедницата<br>• Е почитувано во заедницата<br>• Има позитивен однос кон стареењето, што ги инспирира другите<br>• Со своите активности создава долгорочни користи |
| **Promotion of Multiculturalism Award (Награда за промовирање на мултикултурализам)** на поединец за неговиот/нејзиниот значаен придонес во промовирањето на придобивките на културната разновидност во неговата/нејзината локална заедница или во пошироката заедница. | Лицето кое го предлагате:<br>• Ги промовира придобивките на културната разновидност во заедницата<br>• Поттикнува или унапредува благосостојба на заедницата преку доброволна работа<br>• Има позитивен однос кон стареењето, што ги инспирира другите. |
| **Healthy and Active Living Award (Награда за здрав и активен живот)** на поединец за неговата/нејзината помош во создавањето на активни и здрави заедници преку вклученост во заедницата и како личен пример. | Лицето кое го предлагате:<br>• Помага во создавањето на активна и здрава заедница<br>• Создава или спроведува иницијативи во заедницата заради поттикнување на другите да бидат поздрави и поактивни<br>• Ја унапредува благосостојба на заедницата преку доброволна работа<br>• Има позитивен однос кон стареењето, што ги инспирира другите. |
| **Veteran Community Award (Награда од заедницата на ветераните)** на лице за неговиот/нејзиниот извонреден придонес во заедницата на ветераните. Лицето не мора да биде ветеран. | Лицето кое го предлагате:<br>• Дало извонреден придонес за заедницата на ветераните<br>• Поттикнува или унапредува благосостојба на заедницата преку доброволна работа<br>• Постигнува или создава придобивки за пошироката заедница<br>• Има позитивен однос кон стареењето, што ги инспирира другите. |
| **Ageing Well Award (Награда за добро стареење)** на лице кое се бори против дискриминацијата на постари луѓе, промовира социјална правда и се ангажира во заедницата заради поддршка на иницијативите за добро стареење. | Лицето кое го предлагате:<br>• Работи во борбата против дискриминацијата на постарите луѓе во заедницата<br>• Промовира социјална правда<br>• Ја ангажира заедницата да ги поддржи иницијативите за добро стареење<br>• Поттикнува или создава благосостојба во заедницата преку доброволна работа. |
| **COTA (Council on the Ageing) Victoria Senior Achiever Awards (Награда за сениор за големо постигнување од Советот за стареење на Викторија)** за значаен придонес за локалните заедници и за Викторија. | Лицето кое го предлагате:<br>• Дало извонреден придонес за локалните заедници и за Викторија<br>• Поттикнува или создава благосостојба во заедницата преку доброволна работа. |

За повеќе информации за наградите Викториски сениор на годината или како да предложите некое лице, видете на Seniors Online <https://www.seniorsonline.vic.gov.au/awards>.